СТ-32/24

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Соња Ѓонческа, постапувајќи по предлогот на предлагачот Богоја Вељаноски од с.Драслајца Струга, за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ДРАСКИН 2016 ДООЕЛ увоз-извоз с.Драслајца Струга, вон рочиште, на ден 29.03.2024 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Против стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ДРАСКИН 2016 ДООЕЛ увоз-извоз с.Драслајца Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 7120249, даночен број 4026016523813, со трансакциска сметка број 210071202490107 при НЛБ Тутунска банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Садула Мифтароски од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка се закажува **за ден 23.04.2024 година во 08.20 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, судница број 20.

Се повикуваат полномошникот на предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник да присуствуваат на рочиштето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предлагачот Богоја Вељаноски од с.Драслајца Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ДРАСКИН 2016 ДООЕЛ увоз-извоз с.Драслајца Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Соња Ѓонческа с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:
* предлагачот/полномошникот,
* должникот со предлогот,
* привремениот стечаен управник,
* ВЕБ страната на судот,
* Централен регистар.